# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од осмото продолжение на Шеесет и шестата седницата на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 февруари 2001 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ**

Продолжуваме со работа по Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за попис на населението, становите и домаќинствата на Република Македонија, точка 25.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 4 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 точка 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Насер Зибери и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа и молам едно кратко образложение.

Во прашање е дали во вкупниот број на попишуваните дали да влезе во категорија на граѓани кои привремено се отсутни повеќе од 12 месеци.

Владата во овој случај се раководеше од принципиелниот став, односно од препораките на Европската унија, односно Обединетите нации дека оваа категорија на граѓани не се смета во вкупниот број на населението и во таа смисла ние и како земја и како држава, и како македонци и како албанци и сите други настојуваме да се инволвираме односно да се вклучиме во европските и светските процеси и би било непродуктивно, некорисно доколку не ги применуваме ваквите препораки на релевантните фактори во светот. Од таа причина ние сметаме дека многу е значајно и оваа категорија во посебна графа да биде попишана, меѓутоа нема да се смета во вкупниот број.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Образложението што беше дадено тука нема никаква основа од причина што сите тие меѓународни акти, стандарди кои ја уредуваат оваа материја се до крај либерални, па и воедно и оставаат можност државите да си го уредуваат ова прашање согласно нивните специфики, согласно состојбите реални што ги имаат. Очигледно, ако сакаме рестриктивно да ги толкуваме тие акти, тогаш ќе имаме таков став каков што има Владата, односно министерот, меѓутоа ние имаме една состојба која видно се разликува од тоа што се случува во Европската унија.

Имено, ако некој германец или француз се насели или оди времено да работи во Белгија или некоја друга држава која е во рамките на Европската унија, тогаш ефективно тој нема никаква врска со својата држава. Практично тој ефективно си живее во државата каде што работи, што не е случај кај нашите граѓани. Тие и психолошки и ефективно и материјално се поврзани со државата. Тие се државјани на државата, тие ги поседуваат патните исправи на оваа држава, имаат имот тука, нивните семејства се тука и ако резонираме дека пописот има првенствено економски карактер, развоен карактер, тогаш треба да помислиме дека сепак тие придонесуваат во голема мера со девизи, со изградба на претпријатија, објекти и т.н. Затоа, мислам дека исклучување на овие граѓани од категоријата вкупно население на Република Македонија, а таа бројка е околу 80 до 100 илјади, мислам дека има политичка позадина и никаква реална позадина.

Затоа уште еднаш апелирам до Владата, односно до министерот за правда посебно да го расправаат овој амандман од причини што исходот на ова може да биде не реален за тоа што ние посакуваме да биде исход на пописот на населението, становите и домаќинствата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Повеќето од прашањата ги изнесе господинот Биљали зошто треба да се прифати амандманот, но јас ќе изнесам уште неколку.

Прво, уверен сум дека и Министерството за правда и Заводот за статистика го имаат извештајот на претставниците на ОБСЕ во Република Македонија каде што тие даваат свои толкувања по однос на содржината на текстот на законот за попис на населението на Република Македонија. Убеден сум дека го имаат, затоа што на нас ни беше доставен и во истиот извештај стои дека истиот извештај го имаат испратено и до Министерството за правда. Така да повикувањето на некои меѓународни стандарди по однос на ова прашање навистина не држи, бидејќи една од забелешките кои се дадени гледано од аспект на меѓународниот фактор е токму ова прашање заедно со прашањето на употребата на јазиците во формуларите за попис на населението. И како една од точките околу кои може да се отвори расправа и која може да биде камен на сопнување за успешно водење на пописот е токму членот 6, точката 6 од Законот.

Второ, прописите, односно правилата за спроведување на пописот од страна на Европската или други меѓународни организации почнувајќи од Обединетите нации се многу флексибилни, како што беше изнесено и оставаат простор на секоја земја спецификите на свој начин да ги уредува.

Трето, интенција на сите упатства, препораки, сугестии кои се даваат одат во прилог на тоа во државата, пописот да биде успешен. Тоа е најбитно.

Втора битна компонента е тој попис да биде објективен и реален.

Трето, резултатите од пописот да бидат прифатливи за сите чинители во државата.

Поаѓајќи од оваа гледна точка, мислам дека апсолутно е прифатливо решението што се нуди со нашиот амандман и во никој случај, не само што не се судира со препораките, туку ќе ги дополнува сугестиите во смисла на успешен објективен и општо прифатлив попис на населението.

Конечно, праксата на другите земји првенствено на западно-европските земји не може да биде имплементирана и вклопена во наши услови, бидејќи бројот на населението со над една година претстој во други земји е далеку помал за разлика од нашата. Може само да се претпостави што ќе се случи доколку на ваков начин бидат применети одредбите на Законот за попис во некои земји кои имаат уште поголем прилив на населението, односно одлив на населението во други земји. Дали тој попис може да се смета за реален. И нашата бројка не е занемарлива. Дури, според некои проценки таа бројка оди и до 7 односно 8% од вкупниот број на населението, а по некои неофицијални податоци таа бројка не над 10%. Дали параметрите за вкупниот развој, општественото планирање, па ако сакате и од политичка гледна точка по однос на етничката структура на земјата ќе биде реална доколку пописот го исклучи овој голем број на население од пописот во земјава, односно од вкупните резултати кои ќе значат вкупен број на население во земјава. Мислам дека тој попис би бил необјективен, некоректен, нереален и неприфатлив од страна на сите чинители на државата и од тие причини мислам дека предлагачот треба да го прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 70 пратеници, 67 гласале од кои 15 гласале "за" 4 гласале "воздржано" и 48 гласале "против".

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 5 став 1, точка 2 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Насер Зибери и Исмет Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 5 точка 5 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 12 алинеја 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 15 за преформулирање на став 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 18 алинеи 4, 6 и 11, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 25 алинеја 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот за додавање нов наслов 5-а по членот 35 и нов член 35-а поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа и молам за кратко објаснување.

Вистина е дека во основа ова образложение не треба да се сфати во смисла дека идејата на пратениците по моја и владина оценка во духот на остварување на основните права и слободи на граѓанинот и од таа гледна точка мислам дека ништо не е спорно, меѓутоа, на жалост ние се соочуваме со една правно фактичка друга состојба, а таа состојба се сведува на тоа дека ние во земјата мора да го почитуваме она што е валидно во моментот односно, одредбите на Уставот кој е усвоен 1991 година од ова Собрание, а уште посвежо е тоа дека Уставниот суд 1994 година истиот овој амандман го укина од тогашниот закон за попис на населението.

Од таа гледна точка ние мислиме дека ова така крупно прашање, можеби отворено уставно прашање не може да се реши со еден посебен закон, меѓутоа јас и во мое лично име и во името на Владата, секако дека пописот во основа без исклучок ќе се изврши на јазикот на секој граѓанин во Македонија и во тој правец разговорите што ги имавме и со ОБСЕ целосно се согласивме дека пописниот материјал и формуларите ќе бидат и на јазиците на другите етнички групи во Македонија, така да албанците ќе можат на албански јазик, ромите на ромски, турците на турски, србите на српски и сите други на свој јазик, така да јас ценам дека во тој домен ќе се оствари

основното, што мислам дека е основна цел и на пратениците кои го предложиле амандманот. Таа цел ќе се оствари со подзаконските акти кои се воглавно дефинирани и низ методологијата која веќе е подготвена.

Значи, ценам дека нема да се руши уставното право и секој граѓанин ќе може на својот јазик пред своите попишувачи кои обавезно по дикцијата на самиот закон мора да бидат од националноста кои ќе бидат објект на пописот. Така да целосно ќе се оствари начелото за јазичка слобода при пописот.

Благодарам претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Должен сум да појаснам некои прашања кои беа покренати од страна на претставникот на Владата по однос на нашиот амандман и уставноправната положба на одредбите кои ги предлагаме.

Најпрво уште еднаш повлекувам дека Република Македонија откако спроведува попис на населението, секогаш ова прашање го има регулирано во духот на нашиот амандман. Не се случило во Република Македонија да се спроведе попис, а прашањето на јазикот или потребата на јазикот во пописот да не биде регулирано на овој или сличен начин. Прв обид поинаку да се регулира ова прашање беше пописот 1991 година и сите знаеме тој каков исход имаше и што по тоа се случи. Тоа значи дека оваа Влада оди чекор поназад не само од претходната, туку од сите претходни влади од времето на едноумието.

Второ, Уставот не е пречка ова прашање на овој начин и во духот на амандманот да биде регулирано. Да било така, тогаш се поставува прашањето како уставотворецот, односно законодавецот дозволи 1994 година да биде донесен таков закон каков што имавме 1994 година со кој беа корегирани грешките од 1991 година.

Второ, кога го читаме Уставот дотолку повеќе од страна на министер за правда, од кого се очекува афирмативно и прогресивно да ги толкува одредбите на Уставот и таа политика да ја преточи во законски решенија, не може да се брани ставот дека Уставот е пречка за донесување на таков закон со такви решенија. Членот 7 од Уставот го регулира прашањето на јазикот, многу прецизно наведува дека во Република Македонија покрај македонскиот јазик во службена употреба е и јазикот и писмото на националноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (продолжение)

Ве молам каков исклучок е овој закон, визави многу други закони во кои стои одредбата за употреба на јазикот на националноста. Земете го законот за локална самоуправа. Земете ги законите кои ги регулираат статусните прашања за лична карта, за матични книги итн., земете дузина закони од областа на правосудството односно постапките пред судовите. Како може само во овој закон употребата на јазикот да биде против уставна односно надвор од концептот на Уставот по прашањето на употребата на јазиците на националностите.

Конечно, дали министерот не смета дека токму со овој закон се крши членот 7, ставовите 2 и 3 од Уставот со исфрлање од употреба на јазиците на националностите, кога е во прашање пописот, со самиот факт што ги брише одредбите кои го регулираат прашањето за употреба на јазикот на националностите. Дали тоа не е кршење на Уставот или кршење на Уставот е секогаш кога некој се смета дека се дава повеќе од тоа што е предвидено во Уставот, а не кршење на Уставот кога изрична одредба на Уставот се брише односно се оневозможува операционализација на член 7 став 2 и 3, во оваа законска одредба. Ако така го сфаќаме правото и правниот поредок, тогаш очигледно имаме разлики во сфакањето.

И конечно Уставниот суд.

Јас наполно ќе се согласам со министерот доколку се работеше за измена и дополнување на постојниот закон за попис на населението и да се повикуваме на веќе пресудена работа. ова е нов акт, господине министер. Тоа не е ресјудиката. Тоа е акт кој го предлага Владата, повторно да регулира едни односи во земјата. И во духот на член 7 став 2 и 3 вие требаше да предложите такво решение. Ако тој што се грижи за усогласеноста на законите со Уставот т.е. Уставниот суд оценеше дека оваа одредба е против уставна, нека покренеше иницијатива, екс официо, или по иницијатива на политички партии како што имавме и случаи во минатото, па нека ја укинеше одредбата. Но, пописот ќе се спроведеше во духот на законот. Вака, ова

прашање исклучиво зависи од политиката и политичката волја, т.е. од волјата на предлагачот т.е. Владата и мнозинството во Собранието на РМ, во кое сте и вие господине министер.

И конечно прашањето дека пописот ќе се изврши на мајчин јазик, на граѓаните кои ќе бидат опфатени со пописот. Тоа не е вистина. Да е така тогаш требаше да стои поинаку во законот. Најдете ми една одредба во законот каде стои тоа што ви го тврдите, една реченица, еден збор. Нема. Фактот што ќе комуницираат попишувачите и во најдобра смисла инструкторите во одредени случаи на мајчин јазик, со тие што ги попишуваат, тоа е нормална работа, ако сакаат да ги приберат податоците за да можат да го спроведат пописот. Или, да не претендирате и попишувачите да им се обратат на официјален јазик на луѓе кои тоа не го разбираат. Тоа во никој случај, не во Македонија, туку и во најнедемократските земји, не се прави. Од тие причини сметам, ако сакате оваа акција да биде успешна, ако сакаме да имаме објективен и коректен попис, ако сакаме да имаме попис кој ќе биде признат во земјата и надвор, мора овие прашања прогресивно и во духот на она што значи демократски процеси во земјата, да бидат регулирани, а тоа го нуди нашиот амандман. Не е ништо ново, само воспоставување и продолжување на една пракса која 10 години е присутна во Република Македонија. И во најцрните времиња, за кои вие најгласно зборувате, било така. За жал, вие тоа го креирате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас дури не сум во состојба односно не поседувам таков капацитет да сфатам работи кои ги прави оваа Влада, во негативна смисла. Имено, оваа Влада односно власт веќе одлучи 100 илјади граѓани наши државјани кои работат во странство, без оглед, тие не мора да бидат и не се од една националност, значи сите структури што живеат во РМ, не само што не сакаат да се прифатат како нивни, како структура која е жител на РМ, туку изгледа е многу алергична на нивната култура и јазик. Не држи образложението дека ќе има превод на тоа и ќе се комуницира со луѓето, така да тие разберат што се поставува како прашање, бидејќи тој стандард функционира изгледа многу подобро, дури и во Бурунди, кај племето Кути. Изгледа таму преводот беше многу посоодветен од тоа што се нуди од нашата Влада како закон.

Зибери добро кажа дека ова прашање секогаш било уредено вака како што ние предлагаме сега и сега се прави исклучок. Наместо да се оди кон прогрес и да се усвојат дури и поприфатливи стандарди од претходниот попис, сега одиме наопаку. Значи, тоа што некогаш било практицирано, сега се исклучува. Оттука, секој може да постави прашање зошто се прави така. Затоа не случајно ја започнав оваа дискусија дека немам капацитет да прифатам некои решенија алогични, решенија кои тука се предлагаат од Владата.

Не би требало тврдоглаво да се оди против реалноста која ја има државата. Тоа е мултикултурата. Тоа може да биде богатство на државата. Секоја алергичност, нетолеранција во тој сегмент, мислам има спротивен ефект . Лично мислам, според мене другата култура е богатство. Тие се надополнуваат. Уставот воопшто не пречка, затоа што дури и за тие кои негативно го толкуваат уставот, сепак нема пречка да се усвои овој амандман. Имено, формулацијата која стои во член 7 од Уставот претпоставува територијална целина, како самоуправна единица, или единица на локална самоуправа, од причина што дури и со странските експерт кога комуницираме и кажуваме дека ние вака го материјализираме и го спроведуваме Уставот тие се чудат како е можно тоа. Значи, некои органи се обврзуваат да почитуваат двојазичност или тројазичност, а некои не.

Оттука, се поставува прашањето Уставот постои поради органите или поради граѓаните. Ако постои поради граѓаните, значи сите структури кои вршат јавни овластувања треба да ја почитуваат таа определба која е предвидена со член 7 од Уставот.

Второ, што е многу важно, сакаме ние да имаме објективен попис кој од интерес на државата, а тоа значи да понудиме со сите можни, тоа не може да се исклучи од логиката дека е една реклама, како што производителот има интерес на сите јазици да ги информира потрошувачите па да има пласман. И тука државата има интерес да дојде до важни и релевантни податоци и не треба да се штедат никакви средства во тој аспект. Затоа јазичната бариера тука е апсурдна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, и почитувани пратеници.

Се работи за еден многу чувствителен закон, еве имаме предлог за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата и становите на РМ, со предлог на закон. Се работи за едно многу чувствително прашање во самиот амандман кој е предложен од страна на пратениците на Собранието.

Јас мислам дека Македонија е една мултиетничка земја која се гледа и во Собранието бидејќи има репрезенти од сите граѓани на РМ. Затоа и секој има свој интерес и специфики. Јас како репрезент на моето гласачко тело, би го поддржал амандманот што го дадоа тројца пратеници од ПДП и во тој правец би ве замолил и предлагачот малку подлабоко да анализира и да дојде до еден друг заклучок, да го прифати амандманот бидејќи од интерес на РМ, и од интерес на сите граѓани кои живеат во неа.

Јас ќе кажам и тоа дека ние одамна се залагаме за една потполна рамноправност во РМ, значи сите граѓани на РМ да бидат рамноправни во сите сфери на живеење. Денес расправаме за една многу чувствителна тема каде еден дел од граѓаните ќе се осеќаат нерамноправни со ваков предлог на закон. Затоа мислам дека во ова Собрание треба да се создаде таков амбиент и таква клима, да си има една политичка волја од сите политички партии кои дејствуваат во ова Собрание, за таа политичка волја да се издигне на степен на закон.

Јас нема да се согласам со тоа дека формуларите ќе бидат и на јазиците на националностите. Каде ќе има основа тие формулари да бидат и на јазиците на националностите, кога во Предлогот на законот никаде не пишува дека освен македонскиот јазик и неговото кирилично писмо, попишувачите имаат право граѓаните да ги прашуваат на свој мајчин јазик. Значи, се употребува јазикот на националностите. Затоа мислам дека ова треба да се регулира со закон. Само на тој начин сите граѓани на РМ, од немакедонско население, ќе бидат рамноправни со сите други. Тоа е нашето залагање, тоа е нашето учество во институциите на системот за еден ден сите граѓани да ги гледаме рамноправни пред законот и пред Уставот.

Ако е во прашање Уставот на РМ, јас би го демантирал и тоа, со тоа што во членот 7, ставот 2 и 3, тоа го овозможува. Ако одиме и понатаму, се што ни е забрането со Устав, тоа е дозволено. Затоа во овој момент, ако се почитува тоа што се повикуваме на Уставот на РМ, тогаш ние имаме потполно право, како предлагач на законот и ние како Собрание да прифатиме еден таков амандман кој ќе биде од интерес на РМ, и сите нејзини граѓани. Затоа, во тој правец мислам, ние одамна сме разговарале, јас нема да ги прифатам ни укажувањата дека не може со секој закон да се регулира употребата на јазиците. Ве молам, ние во РМ, немаме посебен закон со употреба на јазиците на националностите.

Затоа, сите закони кои ќе се донесат во ова Собрание ние велиме дека треба во секој закон посебно тоа да се каже бидејќи немаме посебен закон кој ќе ја регулира оваа сфера. Затоа во тој правец уште еднаш апелирам да се има политичка волја од сите овде во Собранието, за сите граѓани во РМ, да се осеќаат рамноправни, бидејќи јас не го гледам тоа решение со тоа дека попишувачот ќе биде од редовите на националностите, или пак попишувачот ако е македонец, ќе има преведувач. Јас мислам дека ние пред законот со закон треба да бидеме рамноправни. Не знам, како формуларите ќе се изведуваат на јазиците на националностите кога со закон тоа не е регулирано. Затоа денес ја имаме таа можност да го регулираме и ова прашаше. Затоа мислам ако си има политичка волја од страна на сите пратеници во ова Собрание односно пратенички групи, па Уставниот суд нека ја заврши својата работа, нека ги усогласува законите што ги донесува Собранието на РМ, со Уставот на РМ. Дајте ние да го донесеме ова за да не излеземе оттука со наведнати глави дека сите тие гласачи кои не гласаа нас а ние сме и нивни репрезенти во ова Собрание, тие очекуваат од нас и понатаму да дејствуваме, дејствуваме на тој начин да им обезбедиме на сите граѓани во РМ, потполна рамноправност во сите сфери во животот, наука, образование итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, како да станува практика во РМ,

секогаш кога ќе дојде на дневен ред закон или друг акт кој на овој или на оној начин ќе ја регулира употребата на јазиците на националностите во РМ, да имаме, од една страна ригиден став на Владата односно на претставниците на Владата дека овој начин на употреба на јазикот на националностите не е дозволен со Уставот. Иако министерот за правда е еден од луѓето кој најдобро треба да ја знаат проблематиката односно толкувањето на Уставот сепак во оваа држава постојат надлежни институции за тоа, кои ќе оценат кој е тој што ќе ја оцени уставноста на овој закон или на еден акт. Тоа во конкретниот случај со нашите позитивни законски норми во РМ, е Уставниот суд.

Јасно е на секого и денес и порано, во РМ, ниту за овој закон ниту за другите закони кои биле на дневен ред, воопшто не бил пречка Уставот за употребата на јазикот. Секогаш пречка било недостаток на политичката волја.

Јас во последно време честопати бев во контакт со експерти од меѓународното право и луѓе кои се занимаваат со толкување односно со познавањето на Уставот. Сите тие до еден ме убедуваа дека воопшто не е проблем Уставот во употребата на јазиците на националностите, дури и во Собранието на РМ. Повикувањето на нашите влади и поранешната и оваа дека во Република Македонија се гради демократско општество по највисоки меѓународни стандарди, доаѓа директно во судир со тоа кои се тие највисоки меѓународни стандарди денес во светот. Дали воопшто постојат највисоки стандарди за употребата на јазиците на националностите, или само постојат минимални услови, минимални стандарди, а не максимални. Република Македонија која го парафираше договорот за стабилизација и асоцијација ги претендира да го потпиши и да го ратификува во овој парламент, ако овие господа и сите ние го имаме прочитано тој договор, ќе ни биде јасно дека во тој договор стојат многу прецизно напишани кои се услови РМ треба да ги исполни, ако сака она еден ден да стане рамноправна членка на тоа Европско семејство.

Јас, како порано така и сега знам дека со оваа норма нема до крај, дилемата за тоа што ќе претставуваат и кои ќе бидат конечните резултати, да ја отстраниме. Тоа е само еден психолошки ефект кој довербата на граѓаните на РМ, ќе ја зголеми, дека пописот во оваа година ќе биде објективен. Инаку, однапред ми е јасно дека во РМ, скоро, по правило, се зема, се зема политички став за прикажување на конечните резултати, а потоа се објавуваат резултатите. Тоа не е само денеска. Веројатно тоа во Република Македонија ќе потрае, се додека овде, ние најповиканите не создадеме политички амбиент кои ќе гарантираме и еден на друг ќе веруваме дека навистина целта ни е со овој попис да прибираме релевантни и точни податоци, а релевантни податоци прибираме само ако на тие, од кои ги бараме тие податоци ќе им гарантираме максимална можност тие податоци да ги кажуваат реално.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:** (Продолжение)

Се повикуваме и понатаму дека во Република Македонија имаме релаксирани меѓунационални односи.

Ако е тоа така, ова е добар пример денеска ние тоа да го докажеме на дело. Инаку, апсолутно не стојам никако, ќе стои констатацијата дека употребата на јазиците на националностите во Република Македонија е на највисоко ниво.

Јас морам тука да ве потсетам, а тоа го знаат и мнозинството: некои работи за кои ние се залагаме, што се однесува до употребата на јазиците на националностите, уште во 19-иот век многу земји го имаат надминато. Во Австроунгарската монархија, дури во XIX век војниците од другите националности го употребувале својот јазик во војската, а не на едно обично пописно ливче. Ова е една можност, една шанса, за да создадеме амбиент, конечно овие резултати кои ќе се добијат да бидат прифатени од сите граѓани на Република Македонија, а со тоа и пред внатрешната и меѓународната јавност да дадеме белег дека конечно чекориме по она што е наша цел, а тоа се европските институции, европската интеграција, но не само вербално објаснување, туку со конкретни чекори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во врска со употребата на албанскиот јазик во пописот кој ќе следи оваа година, се дискутираше доста и предложениот закон што Владата на РМ, односно ресорниот министер господинот Насуфи ни го нуди во целост го суспендира албанскиот јазик. Дали таквиот закон ќе биде прифатен од една третина на албанското население во Република Македонија. Ако таков закон ни се нуди, а нема да биде прифатен, последиците од таквиот закон се далекусежни.

Ние таков закон нема да прифатиме. Ако законот не е во интерес на населението што ќе треба да се попишува во идниот попис.

Во оваа прилика исто така користам неколку прашања да му поставам на господинот Насуфи. Дали господинот Насуфи, како предлагач на законот се согласува да биде суспендиран албанскиот јазик, со предлог законот за пописот на населението. Дали прво, тој самиот се согласува со тој закон. Дали со него се согласува неговата партија. На тоа прашање тој треба да одговори.

Второто прашање, дали господинот Насуфи се согласува со фактот да нема ниту еден збор за тоа, на кој начин, кога и како ќе се попишува албанското население, кое е надвор од земјата на привремена работа во странство.

Трето, дали господинот Насуфи и неговата партија ќе го сметаат за објективен и реален овој попис  што ќе се изведе во 2001 година.

Четврто, дали господинот Насуфи и неговата партија ги сметаат за реални претходните пописи, кога населението се попишуваше во многу подобри услови, со меѓународни фактори и на мајчин јазик.

Најпосле, попусто ќе биде доколку тоа не се прифати. Го замолувам господинот Насуфи да не дозволи албанскиот јазик да се суспендира конечно, кога седмиот попис по ред во Република Македонија што се спроведува, со предлог законот што тој самиот го нуди. Не смее да дозволи, не само албанскиот јазик во Република Македонија да се суспендира, туку не смее да дозволи да се суспендираат и другите јазици на другите националности во Република Македонија што ги има. Затоа што, сите пописи  досега изведени од 1946 година наваму, се изведени на јазикот на населението. И доколку ова не биде сериозно сфатено од мнозинството пратеници на Република Македонија, ви обрнувам внимание дека ако не се прифатат нашите предлози поднесени во форма на амандмани, или не се одложи донесувањето на овој закон, се додека не се регулира прашањето на јазикот, ние на мнозинството му предупредуваме дека ќе бидеме принудени, и дека ќе ја напуштиме седницата на Собранието на Република Македонија. Тогаш, попусто ќе бидат сите тие напори, што за овој попис населението очекува да се изврши.

Јас не сакам да биде мнозинството и предлагачот, самиот господин Насуфи,  да се оглуши од овој многу важен закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот министер Џевдет Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Јас повторно ќе повторам. Сметам дека сепак пратениците имаат сосема право на свој идеи и свои предлози. Меѓутоа, најодговорно тврдам дека никој од албанците од Македонија нема да се откажат од својот јазик и пописот ќе можат да го вршат на свој мајчин јазик.

Што се однесува до граѓаните што се наоѓаат привремено вработени, на долг рок, односно емигрирани во странските земји, сите, па дури и тие, нормално, кои што се на краток рок емигранти, ќе бидат целосно вклучени во пописот и ќе бидат попишани.

Меѓутоа, во оваа ситуација сакам да истакнам дека тоа ќе зависи од сите релевантни политички фактори  како ќе ја организираме пропагандата околу пописот. Тоа значи дека во тоа активно треба да се вклучиме и ние како Влада и Парламентот како Парламент и политичките партии, вклучувајќи ја и ПДП и ДПА и сите. Никој да не остане надвор од пописните листи.

Што се однесува до довербата, јас мислам дека имаме волја, имаме желба, имаме и обврска како власт, да го надгледуваме пописот и немаме однапред потреба да искажуваме сомневања во резултатите на пописот.

Меѓутоа, доколку има такви појави, секако, сите на тоа ќе укажеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави повторно господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, мора малку да го подигнам гласот, досега бев многу внимателен. Во Предлог законот господинот Насуфи воопшто нема право да каже пред јавноста, бидејќи никаде во законот тоа не е зацртано. Тоа воопшто не е предвидено. Жал ми е што морам на господинот Насуфи вака да му реплицирам. Господинот уште повеќе нема поима од работата што ја работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема потреба да викаме повеќе и да ги навредуваме другите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господинот Насуфи, се повеќе се покажува како ескперт на власта, уште повеќе што не ја разбира самата работа, а уште повеќе е бучен и експерт за власта. За тоа многу ми е жал. Во кој член, по предлог законот се гледа она што господинот Насуфи го предлага и сака да го образложи. Нека каже во кој член е тоа. Нека го каже тоа пред јавноста, а не да биде толку бучен експерт да ја брани власта.

Јас уште еднаш повторувам: помалку зборови, а повеќе ефекти. Од она ефектива по предлог законот за попис на населението јас тука не гледам дека тоа е така. Попусто се сите образложенија на господинот Насуфи ќе останат во пописот на населението за 2001 година. Тука нема друга алтернатива, нема друг избор. Тој е предлагач на законот. Нека каже по кој член е таа уредба регулирана. Нема зошто да спориме конкретно во случајот и да се задржуваме по час или два и да образложуваме пред јавноста дека со овој закон, не дека не е во ред, туку се суспендира албанскиот јазик во целост. Со суспензија на албанскиот јазик, се суспендира и турскиот јазик и јазиците на другите националности, што досега не било обичај во Република Македонија. Ако конкретно не повлечеме поука од 1991 година, кога беше на ред да се попишува населението на Република Македонија, албанската популација го бојкотираше. Овој закон, со законот од 1991 година, воопшто не се разликува со ништо.

Јас сакам контра аргументите господинот Насуфи да ги даде овде во Собранието и пред јавноста. Јас сум сигурен дека и неговата партија не стои зад таквиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот пратеник Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господа пратеници, навистина се работи за многу важен закон. Закон кој треба да биде усогласен со интересите на граѓаните на Република Македонија. Колку го исполнува овој услов овој закон, ние сме сведоци дека некои законски одредби, некои членови од овој закон ја отвараат дилемата кај граѓаните, колку ќе биде успешен овој попис и што ќе биде со овој попис, меѓутоа, ние во конкретниот случај имаме амандман предложен од пратениците од ПДП, кој е поврзан со употребата на албанскиот јазик. Практика која беше досега внесена во секој закон за пописот на населението на РМ, почнувајќи од првиот попис на оваа држава. Навистина, сега се случи нешто, што многу е тешко да биде човек на страна на законот, бидејќи ние како претставници на граѓаните, мораме да ги штитиме нивните интереси.

Кога станува збор за јазикот, јас мислам дека прашањето е многу чувствително кој ги задира чувствата на граѓаните од албанска припадност. Ние сме тука доведени во една ситуација, што навистина, многу е тешка, бидејќи ние како пратеници сносиме дел од одговорноста по ова прашање.

Јас незнам зошто секогаш тука е практика да се избегнува прашањето да се регулира со закон, туку со други подзаконски акти. Исто ни се случи и со педагошката евиденција, некаде пред пет шест години, доколку не грешам, кога Уставниот суд и истиот закон што го донесе Собранието го суспендира.

Ние немаме ништо против Уставот. Уставот треба да се почитува. Но тука постои дилемата кај нас како пратеници, дека секогаш кога се во прашање правата на албанците, се наоѓа некоја празнина, било уставна, било законска и така се суспендираат многу акти, кои се во интерес на релаксирање на меѓунационалните односи во оваа држава.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Затоа ние треба да бидеме конкретни до крај. Сите сме заинтересирани да имаме успешен и реален попис. Меѓутоа тоа не зависи само од нас, туку зависи од граѓаните на Република Македонија како ќе го сфатат овој закон. Јас не сум некоја сила што можам да ги убедувам граѓаните од албанска националност да го заборават својот јазик, или да прават нешто компромис кога е во прашање јазикот. Мислам дека тука е природно право и се работи за животно прашање. Во Владата ние имаме наш министер господин Џевдет Насуфи кој беше многу критикуван од страна на пратениците од ПДП, што јас сметам дека не е реално. Министерот Насуфи е претставник на Владата. Многу јасно и гласно е дека тој треба да ги почитува ставовите на Владата. Меѓутоа, ние сме пратеници, ние сме претставници на граѓаните на оваа држава. Ние имаме мандат од тие граѓани и ние треба слободно да се произнесеме за многу работи како што е случај со овој закон, со овој амандман кога е во прашање употребата на албанскиот јазик.

Господа, ние знаеме дека во 1994 година ова прашање беше решено со Закон со член 35. И сега зошто се избегава да се регулира истото прашање со Законот? Дали може да се смета како реално решение во конкретниот случај да се реши овој проблем, употребата на јазикот со други акти. Мислам дека тука ќе направиме една грешка. И во моментот кога ќе биде спроведување на пописот ние ќе се соочиме и без нашето инволвираше, пописот ќе добие политичка димензија не од нас пратениците, не од некоја партија, од некој политички субјект, туку од самите граѓани на оваа држава. Бидејќи станува збор за една пракса, за едно законско решение кое беше регулирано со Закон од првиот попис на оваа држава. И не треба да имаме некоја хипотека и да избегаваме од едно вакво многу реално решение кое е во интерес на граѓаните на оваа држава, бидејќи секој пратеник, секој граѓанин на оваа е заинтересиран пописот да успее, меѓутоа за да успее пописот ние мора да работиме многу конструктивно и да најдеме едно конструктивно решение кое ќе биде во интерес на граѓаните. Меѓутоа, јас тука гледам дека многу малку постои расположение овој амандман да биде прифатен. Меѓутоа, до колку се размислува на тоа дека треба да успее пописот, тогаш овој амандман треба да биде прифатен од страна на пратениците. Верувајте дека тука нема ништо, ниту политика, ниту некој друг проблем освен ова што ние го гледаме во Законот и во амандманот. Јас сметам дека треба да најдеме заеднички јазик и овој амандман да биде изгласан од страна на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата, јас не сакам да се повторувам со колегите, но мислам дека министерот можеби има потреба да не слушне уште малку, па во најдобар случај да ги прифати нашите аргументи и да смогне сили, така да се изразам и да го прифати амандманот затоа што амандманот не е во спротивност со Уставот. Тоа што министерот како аргумент го вели кога не сака да го прифати, всушност Владата не е спремна да го прифати овој амандман. Според мое мислење малку да ги упростиме работите, зошто јас мислам дека и со овој рестриктивен Устав и со таквиот Устав што е денеска на сила мислам дека овој амандман не е проблем. Зошто? Ние сигурно имаме и други документи и на друго место каде што доаѓа до израз употребата на членот 7 од Уставот, односно точката 2 и 3 каде што употребата на јазикот на националностите е повеќе од потребна и таа се аплицира и не може да стане збор за нејзина противуставна употреба. Една од таквите за да бидеме појасни и спрема гледачите и спрема граѓаните, јас ќе дадам само една споредба. Имено, што бараме ние со овој амандман? Како прво бараме тоа што било, било во 1994 година и затоа мислиме дека тоа решение што беше во 1994 година е плод на помошта и на размислувањата од Советот на Европа што им ги даде на Македонија за да ја премости ситуацијата и за да биде во полза на сите граѓани и во смер на пообјективен попис. Кога сме веќе кај меѓународните фактори како тие размислуваат во овој правец, јас мислам дека тие тоа го кажаа уште во 1994 година. Така што нема никакво двоумење околу тоа, затоа што и кога не би бил тој Закон од 1994 година и кога не би биле тие тогаш тука како стручњаци, јас мислам дека меѓународните фактори од едно решение кое што ја иззема употребата на јазикот на националностите во такви активности е загрижувачка. Зошто? Затоа тие со многу меѓународни инструменти, со конвенции и други меѓународни резолуции и слично тие препорачуваат секогаш решенија кои што одат во полза на афирмативно и прогресивно толкување на Законот, затоа што тие знаат дека многу нации, многу земји употребувајќи ја својата надмоќ, или сила во некоја смисла бројчана надмоќ која не мора да биде ни 60%, може да биде и 52% па да биде пак наметнато, тие секогаш даваат предлог и одат со такви решенија кои што одат во афирмативен аспект без разлика што се работи за закони на различни земји каде што секоја нација сака да си го сочува тоа што е унитарно, тоа што е во корист на тој мнозински народ во моментот што е во дотичната земја. Затоа мислам дека секое решение во смисла на прифаќање на овој амандман што би било во духот на амандманот и во Законот мислам дека *ќе* биде поздравена и прифатена од меѓународните фактори и ќе биде еден добар знак за здравјето на демократските процеси во Република Македонија. Затоа дека тој смер е позитивен и треба да се култивира покажува и фактот со приодот на решенијата што ги дава самата Влада при решавање на некој проблем. Имено, пред неколку дена, а и порано беше Законот за лични карти, ние и од сегашната Влада слушнавме дека таа ќе припрема лични карти каде што ќе биде напишано името на

македонски јазик и кирилично писмо, на англиски јазик и ќе биде напишано секому со писмо како што тој се чувствува, значи со писмо на националностите и јазикот. Личната карта е документ за употреба во цела територија на Република Македонија. Значи не се работи за лична карта со локално значење и употреба. Сега ние што бараме тука? Ние бараме националностите во својата документација да имаат ливче каде што ќе биде освен македонскиот јазик, ќе биде ставен и јазикот на националностите, односно на националноста на која и припаѓа дотичниот човек кој што е за попис. Така што од принцип на неуставност и јас што не сум правник, не е тешко да разберам дека не стои тој аргумент, воопшто не стои кога веќе ние почнуваме некои активности за изнаоѓање на решенија во афирмативен правец и за други документи како што е во Законот за лична карта. Затоа, јас и можам да му верувам на залагањето на министерот дека тој сепак сака и со други активности кои што не се предвидуваат во овој закон да даде објективен исход од пописот. Но, господа ние сме законодавен дом, ние таа желба, за политичка волја ако е навистина така, ве молам да ја преточиме во закон. Затоа што ние би сакале решенијата за кое што очигледно имаме волја, најмалку еве тука чувствувам двете албански партии, а верувам веќе штом во 1994 година се прифати такво решение, значи веќе и кај македонската јавност тоа не предизвикува кој знае какви пореметувања, или негативни размислувања затоа што веќе е воспоставена една практика. Јас мислам дека министерот, односно Владата треба да се соочи со овие аргументи и со потребата на употреба на јазикот и на албанскиот јазик во пописот како најелеметарно и природно национално право на националностите и со тоа да стоиме на тоа што го кажавме пред изборите, барем минимално тука да не се повлечеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, очигледно дека амандманот на пратеничката група на Партијата за демократски просперитет е многу важен, поготово за нашата политичка партија, бидејќи пред се мислиме дека со овој амандман ќе и помогнеме и на Владата и на самиот предлагач, а зошто да не и на нашите избирачи чии интереси ги застапуваме овде ние како пратеници. Велат дека пред фактите молчи и самиот господ. Меѓутоа, јас мислам дека моите колеги пратеници од Партијата за демократски просперитет изнесоа огромни факти и аргументи, почнувајќи од Уставот, тоа значи членот 7 и набројаа и ред други закони со кои закони нашиот амандман има правна поддршка, Меѓутоа, јас сум должен да речам и ме радува што одредени пратеници од владеачката коалиција како да имаат слух и мислам дека ќе го поддржат овој наш амандман, бидејќи добива Македонија, добива оваа Влада, а ништо ново не нуди, односно не зема од граѓаните, своето право кое го имале и во монистичкиот систем што ние сите како политички партии мислам дека го опишуваме во нашите изборни митинзи монистичкиот систем како најцрни денови што ги поминала Република Македонија, односно граѓаните на Република Македонија. За жал ако вршиме само една споредба меѓу пописите кои се вршени до 1994 година, па и овој што ни се нуди, јас мислам дека оваа Влада треба длабоко да размисли дека го прави најризичниот чекор, а тоа значи влегува во свечениот акт, а тоа е пописот на населението, да им го скрати правото да се попишуваат на свој мајчин јазик, односно тие мајчини јазици во Македонија се многу, почнувајќи од македонскиот па се до бошњачкиот, да не ги набројувам сега сите заради времето. Мислам дека самиот министер, односно Владата на Република Македонија треба да има добар слух во овие важни мигови, т.е. пред донесување на законот за попис на населението. Тој слух мислам дека фали, па ако нема слух, да видиме дали има желба за да прифатат едно такво наше уставно решение, односно решение кое носи само прогрес, а не некој регрес за граѓаните на Република Македонија. Мислам дека таа желба треба да се претвори во гласови, така што ги молам пратениците од коалицијата да го прифатат овој амандман од Партијата за демократски просперитет, бидејќи ќе помогнат и на самата Влада, односно и на самата Република, односно и на самите наши граѓани чии интереси ги застапуваме овде. Можност има. Рековме моите колеги пратеници од ПДП рекоа дека има и уставна можност само да се протолкува овој амандман во членот на Законот кој ни се нуди за попис на населението.

Би ги замолил пратениците од коалицијата да не ги сваќаат нашите дискусии како политички маркетинг, бидејќи Партијата за демократски просперитет едно вакво горко искуство имаше во 1991 година кога рековме дека не дозволуваме да се прави грешка и граѓаните на Република

Македонија да се попишуваат само на македонски јазик. Мислам дека за таа грешка најдовме слух, разбирање со помош на меѓународниот фактор и тој попис на населението во 1994 година беше делумично успешен. Се надевам дека и овој пат Партијата за демократски просперитет сака и многу е заинтересирана и овој попис да биде успешен без разлика што ние не партиципираме во оваа Влада. Меѓутоа, дозволете овој амандман да се преточи во членот на Законот, бидејќи Владата ќе покажела желба и можност и слух за да нивните граѓани бидат попишувани на својот мајчин јазик. Забуна сака да стави министерот во тоа дека граѓаните тоа право го имаат. Ние не велиме дека тоа не е така, меѓутоа нашиот амандман, односно со нашиот амандман бараме и пописните материјали да бидат на јазиците на националностите.

**БИЉАЛ ЛУТФИИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван министер, колеги пратеници, на секој му е јасно дека зборуваме за едно чувствително прашање, за прашање кое не може да биде предмет на дисертација во вид и начин што се обидуваат колегите, посебно колегите од ПДП кои биле во составот на Собранието од 1990 до 1994 година. Исклучок правам на пратениците што се избрани во 1998 година, што во принцип имаат право и секако мислам дека ќе се најде решение. Но, прашањата што биле упатени до министерот кој го суспендира албанскиот јазик така лесно јас би рекол Насуфи или Харуни, со обзир на тоа што бил член на Собранието 1991 година, во времето кога беше донесуван Уставот.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:** (продолжение)

Потоа, се закани дека ќе го напушти Собранието. Го прашувам зошто тогаш не го напуштивте Собранието, кога се втемели една држава, кога се донесува еден највисок акт на уредување на многу нешта во секоја држава во светот, па 1991 година и во Република Македонија, го прашувам по чиј налог не го пуштиле тогаш Собранието? Чии интереси тогаш застапувавте и ред други прашања, но не сакајќи, апсолутно да биде јазик, не само албанскиот јазик, него и македонскиот и сите други јазици што ги употребуваат граѓаните во Република Македонија да биде ова предмет на политички маркетинг, тогаш јас во името на пратеничката група на ДПА барам 20 минути пауза за да се консултираме и да градиме став. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 20 минути.

(Пауза од 16,10 до 17,55 часот).

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата, да можеме да продолжиме во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници и можеме да продолжиме со работа.

Предлагам да ја прекинеме расправата по амандманот, претресот по амандманот за додавање нов наслов 5-а по членот 35 и нов член 35-а поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани и Оломан Сулејмани по барањето за пауза од пратеничката група на ДПА, во консултација со, соработка со претставниците на Владата е изготвен еден амандман.

Мислам дека е корисно амандманот да биде поделен, да го видат сите, а потоа да изградат став дали инсистираат да продолжиме со претрес по овој амандман или да го повлечеме, или ќе го повлечат, па да одиме директно на тој амандман или пак да ја истераме постапката во овој амандман.

Дали се согласувате сега да го одложиме претресот по амандманот?

Има збор г. Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Добро, г. претседателе, ние ќе го чекаме амандманот што е предложен, не знам од кого, да ги компарираме и да видиме дали ќе го повлечеме или ќе стоиме на нашиот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, прифаќате да се одложи малку расправата.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Да се одложи додека стигне другиот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Одиме понатаму, додека да дојде тој амандман, одиме натаму.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за заменување на местата на ставовите 3 и 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 55 став 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 58, алинеја 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 59 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 60 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 17, алинеја 12 поднесен од пратениците Даниел Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Збор бара г. Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници, подносители на овој амандман се група пратеници, меѓу кои е и денеска отсатниот пратеник Данило Глигоровски. Да беше тука присутен ќе имавме процедурална можност да ги повлечеме поднесените амандмани од причина што нашиот став во меѓувреме го модифициравме и го вградивме во една нова група амандмани поднесени од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдуали, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Така што, предлагам, министерот да не ја прифати оваа група амандмани и пратеничката група, односно пратениците тука да не гласаат за овие амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тука не можеме ништо да кажеме, кој како сака, секој ќе гласа така.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Координаторот и нам ни ја олесни работата...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 70 пратеници гласале 63, од кои 11 гласале за, 17 гласале воздржано, а 35 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 алинеја 12, поднесен од пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на алинеја 10 и на алинеите 11, 12, 13 поднесен од

пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 70 пратеници гласале 62, 4 гласале за, 16 гласале воздржано, а 32 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за менување на алинеја 1 поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Амандманот го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 25, алинеја 1 и за додавање 3 нови алинеи по алинејата 5 поднесен од пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Јас мислам дека тоа веќе се вклопува во она што го одбивме и не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ќе прашувам за секој амандман, а вие за секој ќе ни одговорите.

Не се прифаќа.

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 5 пратеници гласале за, 12 пратеници гласале воздржано, и 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2 поднесен од пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, од кои 2 гласале за, 16 гласале воздржано, а 48 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 поднесен од пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 65, од кои 5 пратеници гласале за, 16 пратеници гласале воздржано, а 44 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 и за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 61, од тоа 4 пратеници гласале за, 13 гласале воздржано, а 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3 поднесен од пратениците Данило Глигоровски, Чедомир Краљевски и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62, од кои 3 гласале за, 15 гласале воздржано, а 44 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Насер Зибери, Исмет Рамадани, Фадил Бајрами, Сејфедин Харуни, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Господинот Мерсел Билали бара збор.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Добро, јас опширно го образложив амандманот кога се однесуваше на член 5 точка 2, така што овој амандман што сега расправаме, поврзано со амандманот на член 5 точка 2 и по автоматизам ако се прифаќа овој амандман, претпоставувам дека ќе се смени амандманот на член 5 точка 2. Мислам дека е важно да се објават резултатите заеднички, што претпоставува и за резултатите од лицата надвор од Република Македонија повеќе од 12 месеци. Мислам дека тоа е повеќе технички амандман, од суштински амандман. Мислам дека треба да се прифати. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 68, од кои 11 пратеници гласале за, 9 пратеници гласале воздржано, а 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Краљевски, Илија Лазаревски, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири, поднесоа амандмани на член 4 за бришење на став 4, на член 17 алинеја 12, на член 18 алинеи 11, 12 и 13, за менување на член 21 за менување на член 22, член 25 алинеја 1 и за додавање три нови алинеи по алинејата 5, член 26 став 2, член 27, член 28 алинеја 1, член 31 став 1 за додавање нов став по ставот 1 и на став 3, член 55 став 1 и за менување на член 57 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Талевски поднесе амандмани на член 4 став 1, 2, 3 и 4, на член 21 став 2, член 22 став 1 и на член 37 став 1 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Талевски поднесе амандман на член 4, став 1, 2, 3 и 4 по кој Владата не се произнела.

Истовремено, пратеникот Александар Талевски го повлече

амандманот 1 на член 4, став 1, 2, 3 и 4 под број 07338/1.

Пратеникот Александар Талевски поднесе амандман на член 16 за менување на став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Билал Љутфии поднесе амандман за внесување нов член 35-а по членот 35 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, 2, 3 и 4 поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член бришење на став 4 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз 4 за Абдулаи, Чедомир Краљевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 17 алинеја 12 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 18 алинеи 11, 12 и 13 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот за менување на член 21 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Овој амандман го повлекувам во име на групата пратеници ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекувате, благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 2 поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот за менување на член 22 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

И овој амандман како предлагачи го повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа. СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 и за додавање три нови алинеи по алинејата 5 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 27 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 28 алинеја 1, поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на став 3 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 1 и 3 поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 1 поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Кралевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Отворам претрес по амандманот за менување на член 57, поднесен од пратениците Ѓулистана Марковска, Јонуз Абдулаи, Чедомир Краљевски, Илија Лазаров, Слободан Даневски, Александар Талевски и Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

И овој амандман од група пратеници се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, амандманот на членот 16 како што пишува во образложението е даден за да може и таму да се запази хиерархиската поставеност на телата кои што ќе го спроведат пописот. Сметам дека распоредот на телата задолжени за спроведување на пописот е по адекватен во мојот амандман, отколку што е предложено во законот, особено ако се земат предвид сите промени на Законот што ги направивме со прифаќањето на амандманите од групата пратеници. Така, ако може г-динот министер со помош на директорката на Заводот за статистика да ја согледа потребата за прифаќање на овој амандман. Јас би ги замолил уште еднаш да погледнат, затоа што не се прави ништо друго, туку се менува

редоследот ка телата во членот на законот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Владо Сугаревски.

**ВЛАДО СУГАРЕВСКИ:**

Грешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Грешка, ја повлекува. Дали некој друг бара збор?

Г-ѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Амандманот, навистина, суштински не ја менува работата, меѓутоа, бидејќи така веќе државната пописна комисија работи како самостоен орган, мислам дека би било пожелно инверзијата која што е овде предложена, да се прифати како печатена работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е тоа само редакциска работа, при уредување на текстот на законот и при објавување, тоа е можно да се направи, ако е од редакциска природа.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не е редакциска, меѓутоа, претходните измени...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Талевски повторно се јави за збор.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ.**

Јас длабоко го замолив министерот уште еднаш да размисли околу овој амандман, но ако инсистира министерот дека го одбива амандманот, сакам да се произнесе министерот дали по направената консултација, го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и молам да гласаме.

67 пратеници гласале, 40 пратеници гласале за, 9 пратеници гласале воздржано, 18 пратеници гласале против.

Констатирам дека амандманот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 35-а по членот 35, поднесен од пратеникот Биљал Љутфии.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот на групата пратеници од ДПА се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е од групата пратеници, туку е од Биљал Љутфии.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, се прифаќа. Благодарам.

Сега се враќаме на првиот амандман што го одложивме.

Дали некој бара збор?

За збор се јави г-динот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Јас имам да кажам процедурално. Ја користам приликата да се заблагодарам на моите колеги пратеници што ме поддржаа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, деловничките интервенции да бидат само кога има некоја врска со Деловникот.

За збор се јави г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине претседателе, прво, една процедурална забелешка. Ние се согласивме да се одложи расправата, меѓутоа, тоа не значи дека требаше да го ставите на гласање амандманот кој пристигнал после нашиот амандман. Од тие причини, прво, требаше да го ставите на изјаснување нашиот амандман.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Добро, ќе го повториме гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не може. Јас само реков дека го одложуваме откога ќе се подели Вие ќе си градите став по него.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во ред, но нашиот амандман не го ставивте на изјаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме на расправа по амандманот.

Може нешто да промени на подобро, да видиме.

Дали некој бара збор?

Г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Инсистирам да се стави нашиот амандман на изјаснување, бидејќи амандманот што после толку жестока расправа и притисок министерот конечно се

осмели да го прифати, а предложен од Пратеничката група на ДПА, не го разрешува до крај проблемот и тоа од следниве две причини:

Прво, тој амандман се однесува само по прашањето на употребата на јазикот на кој ќе биде попишано населението, но не и по прашањето на содржината на обрасците на јазикот односно писмото на обрасците. Ако сте го прочитале добро нашиот амандман во ставот 2 вели "во случај каде што попишувањето се спроведува на еден од јазиците на националностите, двојазичните обрасци, значи, обрасците на пописот ќе бидат двојазични", што во претходниот случај нема обврска на Заводот за статистика да ги објави двојазично обрасците на пописот, туку го регулира само прашањето на јазикот на кој ќе се спроведе пописот.

Второ, е прашањето кое се ограничува ова право и вака формулирано само на одделни општини односно општини во кои националностите живеат во значителен број. Прво, испуштен е зборот "мнозински и значителен број", доколку веќе се сака да се следи уставната дикција. Второ, тоа ќе значи дека во ова право нема да го уживаат граѓаните од многу градови и општини, како што се да речеме, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Велес и т.н. Од тие причини сметам дека нашиот амандман потполно го разрешува проблемот за кој толку време потрошивме и е по целосен и по праведен во смисла на прашањето кое бараме да се уреди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Гласаа 70 пратеници, 18 пратеници гласаа за, 4 се воздржани, 48 гласаа против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа, 56 пратеници гласаа за, 1 гласаше воздржано, 9 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија во 2001 година.

Предлагам да ја искористиме можност што е тука министерот и сега да минеме на предлозите, по кои претставник е министерот за правда.

Дали се согласувате?

Предлог на закон за облигационите односи.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, денеска пред Вас е Законот за облигациони односи како нов предлог на закон на државата. Заправо, донесувањето на закон за облигациони односи се предлага од причина што постојаниот, бившиот сојузен Закон за облигациони односи веќе долго време е во примена во Македонија и покрај уставната обврска дека во тек на една година требаше истиот да се усогласи со новото престројување на државата.

Имајќи предвид дека Законот се применува повеќе од дваесет години и има проверка низ судска пракса, Министерството за правда одлучи да го примени бившиот сојузен Закон за облигации. Меѓутоа, потребата за негова измена во тек на развојот на односите во државата, се покажа како неопходна. Целта, на промените, пред се, се однесува на отстранување на рецидивите и анахронизмите, кои се остаток од претходниот систем. Прилагодување на законот за облигациони односи со нови општествено економски односи, по целосно уредување на определени односи во државата од сферата на облигациите. Преземање на одредени одредби од други закони, посебни закони и нивно инкорпорирање во Законот за облигациони односи, пред се, поради нивната природа, целисходноста и компетентноста. Новина во законот е правното уредување на договорите што досега не беа воопшто уредени во нашето законодавство, како што се Договорот за дар, Договорот за послуга и Договорот за ортаклак.

Во практиката на Договорот за дар, Договорот за послуга и Договорот за

ортаклак досега се применуваа правните правила од правните држави, се подразбира. Исто така, новина се наследно правните договори, како што се Договорот за распределба на имот за време на живот и Договорот за доживотна издршка, кој до 1996 година беа, заправо уредени со Законот за наследување, а со донесување на новиот македонски закон за наследување, се зазема став дека областа на облигациите од оваа област да се уредуваат со Законот за облигациони односи.

Особено значајни промени се предвидуваат во областа на паричните облигациони односи. Овие промени имаат за цел да се изврши модификација на постојните решенија во согласност со принципите на пазарната економија. Измените се однесуваат, пред се, на начелата на монетарниот номинализам и полноважноста на валутните и индексните клаузули и пресметување на каматите, што е изработено во соработка со Народната банка. Начелото на монетарен номинализам е појдовно начело од кое се тргнува и во последните измени на Законот за облигациони односи, кои се однесуваат на паричните облигациони односи. Меѓутоа, кога станува збор за исклучоците од ова начело, постојат битни разлики во односот на решенијата предвидени во Законот што сега се применува. Имено, на тој план се внесуваат две новини.

Првата се состои во тоа што Законот ја допушта таканаречената валутна клаузула, а со старото решение беше забрането.

Втората новина од овој домен се однесува на индексната клаузула споредена со старото решение од Законот, кое се донесувало на неа. Таа сега по правило е дозволена, а не како што беше досега, по правило забранета.

Што се однесува до договорната камата и нејзината највисока стапка, во Законот се нудат релативно нови решенија. Тоа од причина што постојните се покажаа незадоволителни, до крај недоречени и повеќе или помалку проблематични во праксата. Првата новина на овој план е таа што согласно начелото на слободна диспозиција и волја на странките, стапката на договорената камата, страните ја уредуваат договорно. Кога сме кај договорната камата, треба да се каже дека измените на Законот нудат и нови решенија во случаите кога каматата е договорена. Но, не е договорена, определена нејзината стапка. Ниту времето на нејзиното спасување. Во таков случај се предвидува решенија според кој ќе се применува есконтната стапка на Народната банка на Република Македонија, што важела во време на склучување на договорот и втасува со втасување на главното побарување. Ова решение е во полза на должникот, бидејќи порано повеќе се заштитуваа доверителите. Тој на овој начин се штити од доверителот, кој со оглед на својата појака економска моќ и влијание во секој случај, па и кога е негов пропустот, ќе може да наметнува решение, кој ќе бидат по поволни се разбира за него.

Кога станува збор за каматата новини во измените е тоа што постојаниот член 400 од Законот за облигациони односи, кој има три става е оставен само ставот 2 и новиот член кој гласи "дозволен е од одредот од Договорот со кој се предвидува дека стапката на каматата ќе се зголеми, ако должникот не ја исплати стасаната камата на време". Ова се предлага од најмалку две причини.

Прво, на овој начин банките се изедначуваат со сите други правни субјекти, кои иако не како своја редовна дејност во одредени случаи можат да се јават во својство на даватели на кредит или заем.

Второ, поради тоа што во случај на паѓање на должникот во задоцнување се плаќа со плаќање на камата на банката и стои правно овластување, со тоа да бара плаќање на затезна камата, според редовното правило предвидено за тие случаи во членот 277 од постојниот Закон за облигациони односи.

Исто така, новина во новиот закон се членовите 167, 168 кои претставуваат усогласување со цивилната конвенција за корупција на Советот на Европа и Европската конвенција за обештетување на жртвите на кривични дела извршени со насилство. А, за членот 169 иницијативата беше покрената на правниот совет на Владата на Република Македонија.

Договорот за дар не беше уреден со Законот за облигациони односи што се применува во Република Македонија. На Договорот за дар се применуваат како правни правила одредбите од Австриски закон и т.н.

Договорот за ортаклак не беше уреден со Законот за облигациони односи, но овој Договор се применуваше на правните правила исто, така на Австрискиот, Српскиот, Црногорскиот и т.н.

Договорот за послуга, исто така, не беше уреден со Законот за облигациони односи, туку за него во таа област важеа правилата на старите граѓански закони.

Двата договори, за наследно правни елементи, со наследно правни елементи, договорот за отстапување на имотот за време на живот и Договорот за доживотна издршка се уредени, како што беа и во поранешната регулатива на наследното право, со определено сообразување на новите општествено економски институции, кои што се предложени со новиот закон.

Во преодните и завршни одредби на Македонскиот закон за облигациони односи се предвидува да престане да важи Закон за промет на земјиште и згради од 1975 година, со сите измени и дополнувања. Тоа, од причина, што прашањата за формата на договорот за промет на недвижности, се уредува со Законот за облигациони односи.

Благодарам и му предлагам на Парламентот, предложениот закон да го усвои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам господине министер.

Дали уште некој бара збор?

Има збор потпретседателот, господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, дозволете ми да го поздравам овој предлог на Владата за донесување на Законот за облигациони односи, бидејќи до сега практично со одредбата на Уставот, односно Уставниот закон за спроведување на Уставот преземени се обврски да се применува овој закон од бившото југословенско законодавство.

Обврската беше овој закон да се донесе во рок од една година, меѓутоа, од тогаш па наваму практично поминаа 10 години. Не дај Боже, да ги извршуваме обврските и понатаму во ваков рок.

Законот за облигациони односи е една кодификација на право од областа на цивилниот дел каде односот меѓу граѓаните и односот меѓу правните лица е кодифициран и нема потреба да се применуваат туѓи правни правила, како што спомна министерот, Црногорскиот граѓански законик, Српскиот граѓански законик и Австрискиот граѓански законик. Ќе имаме едно наше законодавство кое до сега дало плодови во примена на туѓи закони. Верувам дека и сега овој закон ќе има место за примена, а граѓаните ќе имаат една цврста подлога, една гаранција да го применуваат и прилагодуваат своите односи во правниот промет спрема свој сопствен закон.

Новините што се предлагаат или се преземени од други закони, како што беше примерот за распределба на имот за време на живот и договорот за доживотно издржување. Тие беа од областа на наследното право, таму беа регулирани и беше дадена форма на нивно заклучување. Една гаранција за учество во заверка на овој договор има и судија поединец кој му дава значење и сигурност на овој закон.

Сметам за оправдано ставот на Владата кога Законот за доживотна издршка го поместила во облигационите односи, затоа што, кога се говори за наследно право можат да се прават договори или отстапки само помеѓу наследниците, а договорот за доживотна издршка може да се прави со било кое лице. Некој ќе ме праша, па така е и со тестаментот може а се прави и на наследниците, но може и на трети лица. Меѓутоа, таму е друг зборот, имаме една гаранција, што наследниците од прв наследен ред се обезбеден и со тестаментот, а во договорот за доживотна издршка нема нужна поткрепа.

Од оваа причина мислам дека местото му е во овој закон. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 388 став 3, член 546 за менување на ставовите 2 и 3 и на член 1104 за менување на став 2 и тие се составен дел на Текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 110 став 2, член 132 став 3, член 202, член 274 став 2, член 285 став 4, член 288 став 3, на насловот пред членот 453, член 659 став 2, член 663 став 4, член 1004 став 3, член 1138 и на член 1139 став 1 и 2.

Отворам претрес по амандманот на член 110 став 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 132 став 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 202, поднесен од Законоавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 274 став 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 285 став 4, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 288 став 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на насловот пред членот 453, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 659 став 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 663 став 4, поднесен од Законоавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 1004 став 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 1138, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот С9 прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 1139 став 1 и 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници, 61 пратеник гласале, од тоа 57 гласале "за", 3 "воздржано" и 1 гласал "против". (Гласањето беше пропратено со аплауз).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за облигациони односи.

Минуваме на точката 23 - Предлог на закон за сопственост и други стварни права.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Ценејќи дека Парламентот веќе е заморен од расправата по претходните закони, само накратко, сепак со овој закон заокружуваме една значајна област, како што се Законот за сопственост и други стварни права. Тоа е една определба на Владата, правниот систем во државата самостојноста и правната регулатива во државата да ја доведеме во ситуација и состојба која ќе биде корисна и за судската пракса и за деловните односи во стопанството.

Во таа смисла предлагам Парламентот и овој закон денеска да го усвои.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 19 став 1, член 97 став 2, 3 и 7 и за додавање нов став 8 по ставот 7 и на член 100 став 7.

Пратеникот Кирил Андоновски поднесе амандман за менување на член 14, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кирил Андоновски поднесе амандман на член 257, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наталија Марковиќ - Димова, поднесе амандман на член 259, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14, поднесен од пратеникот Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 97 став 2, 3 и 7 и за додавање нов став 8 по ставот 7, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 100 став 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 257, поднесен од пратеникот Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 259, поднесен од пратеникот Наталија Марковиќ - Димова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Госпоѓа Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Во членот 259 се вели дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на "Службен весник на Република Македонија", а потоа дека почнува да се применува по истекот на шест месеци од неговото влегување на сила.

Овој амандман го предлагам од причина што сметам дека е поцелисходно овој закон да влезе осмиот ден од денот на неговото објавување, што значи да не се остава простор од шест месеци. Но, би барала образложение од министерот, дали тие шест месеци се за донесување на некои подзаконски акти, кои се врзани со Законот за сопственост и други стварни права.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, со прифаќањето на амандманот од Кирил Андоновски, т.е. од мене на членот 257 безпредметен е амандманот на пратеничката Наталија Димова, бидејќи ако се прифати тој амандман, тогаш овој требаше да отпадне. Бидејќи се прифати и тој стана составен дел, тој е веќе безпредметен. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Колку е безпредметен, само предлагачот ќе оцени.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Нема да гласаме, госпоѓа Димова побара збор.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Господине претседателе, јас побарав објаснување од министерот за рокот од тие шест месеци, меѓутоа не го добив. Точно е дека амандманот останува без предметен, бидејќи на член 257 се усвои амандманот од господинот Андоновски, меѓутоа, го очекував образложението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, овде секој зборува и секој има право да земе збор за да му објасни, ако оцени дека треба. Јас нема да го прозивам министерот, јас прашувам, тоа што вие прашувате нема овде пратенички прашања. Вие во дискусија си изложивте што сакате да дознаете, а тој ќе процени дали има смисла и дали има потреба да одговори.

Молам, јас него го прашав, еве министерот се јавува за збор. Само да знаете, јас нема никому да речам да зборува овде.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот на господинот Кирил Андоновски е во функција на избегнување на евентуално правна празнина со тоа што денот на влегување во сила и денот на применување се усогласува и во таа функција сега станува безпредметен амандманот на пратеничката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Добро, благодарам, но објаснувањето не го задоволи моето прашање, меѓутоа сосема ми е јасно дека станува усогласување на член 259 со член 257 со претходниот амандман кој беше предложен, го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Значи, немаме амандман.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 69 пратеници, 63 гласале, од кои 53 гласаа "за", 5 пратеници се "воздржаа", 5 пратеници гласаа "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за сопственост и други стварни права.

Доволно е за вечерва, се согласувате?

Ви благодарам. Утре во 15,00 часот нова седница.

(Седницата прекина со работа во 19,00 часот).